ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

БИЛТЕН 3

ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА,
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

Скопје, 1 септември 2015 година

Б И Л Т Е Н

НА

ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА, ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА – ИЕГЕ

Број 3

Скопје, 01 септември 2015 година

Содржина на БИЛТЕН број 3 од 01 септември 2015 година

1. Реферат за избор на научен работник во научно подрачје Живтона средина при Институтот за истражување во животната средина, градежништво и енергетика-ИЕГЕ (**д-р Борка Ковачевиќ**) 3-6

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ЗА НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА, ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

Врз основа на одлука број 0205-35/2 од 28.04.2015 година на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика назначени сме за Рецензиона комисија за избор на еден научен соработник во научното подрачје *Животна средина* на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика во Скопје. Согласно одлуката комисијата работеше во состав:

1. Д-р Дејан Мираковски, Вонреден професор за наставно-научната област Вентилација и техничка заштита, вработен на Факултетот за природни и технички науки при Универзитот „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
2. Д-р Елена Думова-Јованоска, Редовен професор за наставно-научните области Теорија на конструкциите и Земјотресно инженерств, вработена на Градежниот факултет при Универзитот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје-член;
3. Д-р Тодорка Самарџиоска, Вонреден професор за наставно-научната област Техничка механика и јакост на материјалите, вработена на Градежниот факултет при Универзитот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје -член

На конкурсот објавен во весниците „Дневник” и „Коха Диторе”на 27.03.2015 година за избор на научен соработник во научното подрачје *Животна средина* во предвидениот рок се пријавил само кандидатот д-р Борка Ковачевиќ, дипломиран инженер технолог.

Врз основа на одлуката на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, пријавата од кандидатот, доставената документација како и личните сознанија за кандидатот, комисијата го поднесува следниот извештај:

ИЗВЕШТАЈ

Д-р Борка Ковачевиќ е родена на 09.10.1972 година во Скопје. Основно и средно образование завршува со континуиран одличен успех, а како ученик учествува на повеќе натпревари и добитник е на неколку награди и признанија на републичко и локално ниво.

Својата високо образовна едукација ја започнува на Технолошко-металуршкиот факултет, Институт за органска технологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во октомври 1991 година, на кој дипломира во ноември 1998 година. Веднаш по дипломирањето во август 1999 година се запишува на постдипломски студии на

Chalmers University of Technology во Гетеборг, Шведска на Меѓународниот мастер програм „Применети мерни техники во област на животната средина“, каде во мај 2001 година ја брани магистерската теза под наслов *„Sampling of Alcohols and Aldehydes in air by Solid Phase Microextraction (SPME) technique“* и се стекнува со звање Магистер на науки во областа на инженерството. На истиот универзитет, во јануари 2008 година ја брани докторска теза под наслов *“Alkali-containing aerosol particles-release during biomass combustion and ambient air concentrations”* и се стекнува со звање Доктор на природни науки во областа на хемијата (животна средина и физичка хемија).

Во рамките на своето стручно усовршување има учествувано на повеќе меѓународни конференции и работилници и тоа:

2013- Меѓународна конференција за квалитет и компетентност, Охрид, Р. Македонија;

2010 - IPA Proficiency Testing (Air quality), Универзитет во Љубљана, LMK, Р. Словенија;

2008 – Работилница „Енергија и ефикасност“, Скопје, Р. Македонија;

2007 – Работилница “Nanoscience and Technology” во Гетеборг, Шведска; усна презентација на трудот “Detection of alkali containing particles with Aerosol Mass Spectrometer in ambient air in Gothenburg”;

2006 - Работилница “Atmosphere and Environment” во Гетеборг, Шведска;

2004 - Работилница “Atmosphere and Environment“ во Гетеборг, Шведска;

2003- Национална конференција на екологисти во Охрид, Македонија, постер презентација на трудот, “Alkali containing particles from biomass combustion”;

2003 - Nordic Aerosol Conference во Копенхаген, Данска;

2003- Swedish Air Quality Conferencево Скара, Шведска;

2002- Nordic Aerosol Conference во Лунд, Шведска, постер презентација на трудот “Size distribution of particles from biomass combustion”;

2002 - World Aerosol Conference во Тајпеј, Тајван, усна презентација на проектот “Measurements of particles formed in large scale biomass combustion”;

2001 - Combustion of Biofuels Conference, Лунд, Шведска;

2001- European Aerosol Conferencево Лајпциг, Германија.

Во периодот јуни 2001 - март 2009 година работи како Асистент предавач и Докторант на Универзитетот во Гетеборг, Шведска. Од март 2009 – март 2012 работи како Раководител на Лабораторија за животна средина (ISO MKS 17025) во Фармахем ДООЕЛ – Скопје. Од март 2012 – јануари 2014 година своето работно искуство гопродолжува како Раководител на Лабораторија за испитување во животна средина во Геинг Кребс унд Кифер Интернешнал и др. ДОО. Од јануари 2014 година се вработува како експерт во Градежниот институт „Македонија“ АД Скопје, каде работи и моментално.

Има положено стручен испит за вршење на работи за управување и/или постапување со отпад, стручен испит за стекнување на статус експерт за оценка на

влијанието врз животната средина како и стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оценка на животната средина.

Во текот на своето стручно усовршување и работно искуство на Универзитетот во Гетеборг, Шведска учествува во следните проекти: „Формирање на честички, дистрибуција и емисии во животна средина во тек на согорување на дрвена биомаса во циркулирачки флудизирачки бојлери“ од 2002-2004 година, „Хемиска анализа на индивидуални аеросолни честици со метода на јонизација на површина со масен спектрометар“ од 2006-2007 година и од 2006-2007 година како докторант истражувач од областа на животна средина ангажирана е и работи на проектот „Концентрација и хемиска содржина на фини суспендирани честички во урбан воздух во Скопје, Македонија, земање на примероци со референтна метода, хемиска анализа со EDXRF техника, влијание на метеоролошки услови, согорување на биомаса и потекло на воздушни маси“.

Во текот на досегашно работно искуство има учествувано во околу 40-тина проекти од областа на животната средина (изработка на елаборати, студии за оценка на влијанието врз животната средина, извештаи, консултантски услуги).

Автор е и коавтор на следните научни трудови:

1. K. O. Davidsson, B. Kovacevik, and J. B. C. Pettersson “Alkali emission from birchwood particles during rapid pyrolysis” *Energy and Fuels 16 (2002) 1033-1039.*
2. K. O. Davidsson, L.-E. Åmand, B. Leckner, B. Kovacevik, M. Svane, M. Hagström, J. B. C. Pettersson, J. Pettersson, H. Asteman, J.-E. Svensson, and L.-G. Johansson “Distribution of potassium, chlorine and sulfur between ash, aerosol, and deposits during wood fuel combustion in a circulating fluidized bed boiler” *Energy and Fuels 21 (2007) 71-81.*
3. M. Svane, T. L. Gustafsson, B. Kovacevik, J. Noda, P. U. Andersson, E. D. Nilsson, and Jan B. C. Pettersson, “On-line chemical analysis of individual alkali-containing aerosol particles by surface ionization combined with time-of-flight mass spectrometry” *Aerosol Science and Technology (2009), Aerosol Science and Technology, 43 (2009) 653–661.*
4. B. Kovacevik, A. Wagner, J. Boman, J. Laursen, and J. B. C. Pettersson, Elemental composition of fine particulate matter (PM2.5) in Skopje, FYR of Macedonia X-Ray Spectrometry 40 (2011) 280-288.

Во периодот од 2009-2011 година има учествувано во работата на Техничкиот комитет за хемија при Институтот за стандардизација на Република Македонија, во 2012 година во работата на Техничкиот комитет за животна средина, Квалитет на воздух и вода при Институтот за стандардизација на Република Македонија, а од 1987-1997 година била член на Организацијата на извидници на Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата врз основа на прегледот на документацијата, констатира дека кандидатката **д-р Борка Ковачевиќ дипл. инж. технолог** има поднесено комплетна документација согласно објавениот Конкурс.

Сумирајќи ги резултатите од извештајот, комисијата констатира дека кандидатката е квалитетен научен работник кој остварува континуитет и постигнува резултати во научно истражувачката и апликативната дејност во научното подрачје Животна средина. Таа ги задоволува сите стручни и научни услови предвидени со позитивните законски прописи, за избор во научен соработник.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија со задоволство му предлага на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика во Скопје, кандидатката **д-р Борка Ковачевиќ, дипл. инж. технолог** да ја избере за научен соработник во научното подрачје *Животна средина.*

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

Проф. д-р Дејан Мираковски – претседател, с.р

Проф. д-р Елена Думова-Јованоска – член, с.р

Проф. д-р Тодорка Самарџиоска – член, с.р